Република Северна Македонија

**Министерство за образование и наука**

Бр. 27-10129/2
Датум 7.10.2020

**До:** Хелсиншки комитет за човекови права

**Предмет:** Одговор на предлог Иницијатива за Програмата за работа на Владата за 2021 година

Почитувани,

Од страна на Владата на Република Северна Македонија, до Министерството за образование и наука е доставена предлог Иницијатива за годишната Програма за работа на Владата за 2021 година, поднесена од Хелсиншкиот комитет за човекови права.

Во предлог Иницијативата, а во насока на унапредување на родовата еднаквост, Хелсиншкиот комитет предлага донесување на нов Закон за учебници во основното и средното образование кој ќе гарантира отсуство на учебникарски содржини кои промовираат родови стереотипи, нееднаквост и дискриминација и донесување нов Закон за средно образование со вклучени механизми за превенција и заштита од родова дискриминација и насилство.

Во однос на двата изнесени предлога Ве известуваме дека Министерството за образование и наука, целосно ги прифаќа. Имено, Министерството планира да подготви и достави во владина процедура нов Закон за учебници во основното и средното образование, со кој би се надминале сите воочени пропусти во поглед на постапките за одобрување и набавка на учебници. Министерството планира ова законско решение да ги изготви и достави до Владата до крајот на 2020 година, а доколку овој рок не биде постигнат, тогаш донесувањето на Законот ќе биде предложено од страна на Министерството во Програмата за работа на Владата за 2021 година.

Министерството и во предлог Стратешкиот план за периодот 2021-2023 година, има предвидено донесување на нов Закон за средно


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

образование во 2021 година, па оттаму оваа иницијатива ќе биде предложена и во Програмата за работа на Владата за 2021 година. Во новиот Закон за средно образование ќе бидат внесени одредби за превенција и заштита од родова дискриминација и насилство

Со почит,

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS SHKUP
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА СКОПЈЕ

Министерка,
Мила Царовска

Подготвил: Билјана Трајковска


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk